**20251663643**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 10 став (6) од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија” бр. 6/12, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 53/21 и 39/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 август 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ИНТЕР-РЕСОРСКА КОНСУЛТАТИВНА И СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Член 1

Со оваа одлука се формира интер – ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите.

Член 2

Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите е составена од 25 члена, претставници на државни институции, единици на локална самоуправа, здруженија, синдикати, организација на работодавачи, независни експерти, и тоа координатор и член од Министерство за социјална политика, демографија и млади и по еден член од:

- Министерство за одбрана;
- Министерство за внатрешни работи;
- Министерство за правда;
- Министерство за финансии;
- Министерство за економија и труд;
- Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини;
- Министерство за дигитална трансформација;
- Министерство за јавна администрација:
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за образование и наука;
- Министерство за здравство;
- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Министерство за спорт;
- Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
- Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија;
- Заедница на единиците на локалната самоуправа;
- Македонско женско лоби;
- Женска граѓанска иницијатива Антико;
- Организација на работодавачи на Македонија;
- Платформа за родова еднаквост;
- Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија;
- Конфедерација на слободни синдикати на Македонија;
- Експерт за родова еднаквост.

Работата на интер - ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите ја координира Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Член 3

Интер - ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите ги има следните задачи:

- да го промовира концептот за вклучување на родовите аспекти во генералните политики на сите јавни институции;
- да ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области;
- да го следи прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и европските стандарди од областа на родовите прашања;
- да учествува во подготовката и дава насоки во процесот на подготовка на Стратегијата за родова еднаквост и
- да ги следи периодичните извештаи од институциите.

Член 4

Стручно-административните работи на интер – ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите ќе ги врши Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Член 5

Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите начинот на работа на својата работа го уредува со деловник.

Член 6

Интер – ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите ќе ја информира Владата на Република Северна Македонија за својата работа еднаш годишно.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за формирање на Интер - ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/17 и 60/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 177/19).

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-5593/12
5 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.